РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
Уп1 бр.11-153 од 30.08.2018
Гевгелија

Врз основа на член 141 од Законот за животна средина ( Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) и на член 205 од Законот за општа управна постапка ( Сл. Весник на РМ бр. 38/05) општина Гевгелија го донесува следново:

## РЕШЕНИЕ

На Друштвото за градежништво и проектирање Алфа Проект ДООЕЛ - сепарација на речен песок со седиште на ул. 7-ми Ноември бр. 72/2 Гевгелија, му се издава Б-интегрирана Дозвола за усогласување со оперативен план.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за градежништво и проектирање Алфа Проект ДООЕЛ - сепарација на речен песок на ден 16.05.2018 година до општина Гевгелија поднесе барање Уп.1 бр.11-153 од истиот датум. По разгледувањето на поднесеното Барање и пропратна документација, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при општина Гевгелија констатира одредени недостатоци па со допис побара дополнување на Барањето. Барањето беше дополнето на 04.06.2018 година

Овластениот инспектор за животна средина при општина Гевгелија направи увид во инсталацијата на Друштвото за градежништво и проектирање Алфа Проект ДООЕЛ - сепарација на речен песок при што е составен Записник за констатација Ип1 бр. 16-95 од 09.07.2018 година и изготвен Заклучок Ип1 бр. 16-52 од 09.07.2018 година.

Процедурата за преговарање и постигнување согласност за содржината на Оперативниот план е извршена на 03.08.2018 година и за истата е составен Записник Ип1 бр. 11-153 и изготвен Заклучок Ип1 бр. 11-153 од 03.08.2018 год.

По завршувањето на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од член 141 од Законот за животна средина ( Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16) општина Гевгелија донесе одлука како во диспозитивот на оваа Решение.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на издавање на решението.

Жалбата подлежи на административна такса од 250 ден.

Доставено до:
-
Архива
- Друштво за градежништво и проектирање
Алфа проект ДООЕЛ-сепарација на речен песок

Градоначалник на
општина Гевгелија
М-р Сашо Поцков